# ООУ,,ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ СКОПЈЕ

*ООУ "Христијан Тодорвски Карпош " – Скопје*
*ул . "Орце Николов "бр. 161, Скопје , 1000*
*тел . 00389 2 30 67 407, faks 00389 2 30 67 407*
**email: htkarpos@gmail.com**


## *Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите за време на реализацијата на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година*

### ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Учениците се должни да ја посетуваат наставата редовно со користење на заштитна маска/прекривка и со почитување на пропишана физичка дистанца од 1.5 метри (со исклучок на отворен простор - училишен двор каде што мора да се почитува само пропишана дистанца од 1,5 метри), како и да ги извршуваат сите обврски утврдени со Годишната програма за работа на училиштето.
2. На влезот кај сите ученици мора да се дезинфицираат рацете и обувките и да се измери телесна температура.
3. Забрането е секакво поздравување со физички контакт меѓу учениците.

4.. Во училиштето се доаѓа според однапред утврдениот скалест распоред на одредените, различни влезови и чекање според протокол, на означени места со пропишано растојание, без задоцнување (задоцнувањето се смета како неоправдано отсуствување).

5. Отсуствувањето од часови ученикот или родителот се должни да го оправдаат во рок од најмногу 8 дена, во спротивно ќе се сметаат за неоправдани.

6. Строго е забрането носење на  орудија во училиштето, со кои би можело да се повредат другите.

7. Казниво е секакво физичко и психичко малтретирање и предизвикување на тепачки, како и учествувањето во истите.

8. Учениците се должни да се почитуваат меѓусебно, како и да ги почитуваат наставниците, вработените во училиштето и возрасните.

9. Задолжително е учениците да ги почитуваат учениците од друга нација и вероисповед.

10. Забрането е навредување и омаловажување на учениците на основа на материјалниот и социјалниот статус.

11. Учениците имаат обврска меѓусебно да се почитуваат.

12. Најстрого е забрането изнудување на пари или други предмети од учениците, како и користење на исти предмети. .

13. Строго е забрането и казниво уништувањето на училишниот имот, пишувањето по ѕидовите, чкртање по маси. столчиња и сл.

14. Забрането е и казниво е користење на мобилен телефон, снимање на ученици или пак тепачки помеѓу нив.

15. Ученикот го претставува училиштето и кога не е во неговите простории и треба да знае дека тоа неговото однесување го зголемува или намалува угледот на училиштето.

16. На училиште се доаѓа чист, среден и во гардероба која е соодветна за возраста и ситуацијата, со  претходно измерена температура и заштитна маска/покривка. Строго се забранува на училиште да се доаѓа во неадекватна облека.

17. Учениците треба да развиваат позитивни особини на личноста како што се: несебичност, чесност, искреност...

**ПРАВИЛА ПОВРЗАНИ СО НАСТАВАТА**

1. Ученикот има обврска редовно да посетува настава и да биде мисловно вклучен во наставниот процес.

2. Неприфатливо е зборување и попречување во текот на наставата.

3.Часот не е наменет за консумирање на јадење и пијалаци, бидејќи за тоа е предвиден големиот одмор, со одржување на предвидената хигиена и спакувано според стандарди и нормативи за исхрана за оваа категорија на деца .

4. Забрането е користење на мобилни телефони, МП3, МП4 плеери во текот на наставата. Доколку некој од учениците го користи, наставникот има право да му го одземе, да го однесе кај Директорот или педагошко-психолошката служба, каде ќе остане сé додека не дојде родителот да го земе.

5. Казниво е препишувањето на контролните и писмени задачи, како и секакво друго однесување со кое може да им се наштети на останатите ученици.

6. На час треба пристојно да се седи, а не да сениша со столчето, да се лежи на клупата и слично.

7. Учениците кои имаат незадоволителни оценки, треба да посетуваат дополнителна настава.

8. Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат од часови. Отсуствувањето од одреден час го одобрува предметниот наставник, а отсуствувањето во текот на целиот ден го одобрува одделенскиот-наставник раководител. Подолгите отсуства ги одобрува директорот во соработка со одделенскиот совет.

## ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОРОТ

1. Во училиштето одморот се изведува во сопствената училница, а со претходно измиени раце да се конзумира претходно прописно подготвената храна.

2. Учениците треба да го чекаат почетокот на часот на своето место.

3. Забрането е да се фрла ужината низ ходниците и училишниот двор.

4.Училишниот тоалет треба да служи за својата намена, со организиран начин на негова употреба, присуство на помал број на ученици и запазена дистанца и хигиена, според насоките од наставникот.

5. Казниво е непристојно допирање со кое се навредува личноста на друг ученик.

## ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

1. Обврска на наставниците е да држат часови од редовна, дополнителна и додатна настава и слободни ученички активности, да се одржува настава со физичко присуство и настава на далечина.
2. Наставниците не смеат да доцнат во исполнување на своите работни задолженија.
3. Наставниците во училиштето треба да доаѓаат уредни и чисти, со заштитна маска/прекривка и измерена телесна температура. При влез треба да измерат повторно температура и да ги дезинфицираат рацете и обувките. Облекувањето треба да биде прикладно – не смее да се доаѓа во кратки здолништа,кратки маици,маици на прерамки,ниту во облека со многу длабок израз. Во тренерки смеат да доаѓаат само наставниците по физичко образование. Шминката не треба да биде нападна.
4. На наставниците им се забранува употребувањето на мобилни телефони за време на часот, освен за потребите на наставата .
5. Наставниците мора да бидат способни да го одржат редот на часот, за да можат учениците да ги слушаат предавањата и објаснувањата.
6. Наставниците не смеат да им викаат на учениците.
7. Наставниците не смеат да ги бркаат учениците од час, доколку ученикот пречи на час, треба во присуство на наставникот да се прати кај педагошко-психолошката служба или кај директорот.
8. Наставниците треба да ја приспособат наставата кон учениците и да им објаснат сè што не им е јасно.
9. Наставниците треба да ја почитуваат личноста на ученикот, не смеат да навредуваат, да им даваат ментални квалификации, да ги исмејуваат

пред одделението, да ги дискриминираат по било која основа, ниту да изразуваат реваншизам. Сите ученици треба да бидат рамноправни и наставниците не смеат да фаворизираат определени ученици.

10. Секое напредување, резултат или успех кој што ученикот ќе го постигне, треба да се пофали, наставникот не смее да го омаловажува успехот на ученикот ако не ги задоволува критериумите кои што ги поставил наставникот.
11. Во работата со учениците, наставникот мора да изрази толеранција, да им овозможи секаква помош која им е потребна и да ги охрабрува учениците.
12. Наставниците на работа доаѓаат 30 минути пред почнувањето на наставата,а дежурните наставници 40 минути пред започнување на наставата. Наставниците од прво до трето одделение на работа доаѓаат еден час пред започнување на наставата.
13. Наставникот не смее за време на настава и на одморите да праќа ученици надвор од училишниот објект за било какви потреби.
14. За време на одморите (мал и голем одмор) се со своите ученици, а не во наставничката канцеларија или други простории во училиштето.
15. Наставникот за време на часот не смее да конзумира храна, кафе,мастики за џвакање и сл.
16. Наставникот е должен да организира родителските средби на далечина.

## ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

1. Родителот или старателот е должен своето дете редовно да го праќа во училиште со измерена, уредна телесна температура и заштитна маска/прекривка до предвиденото место за чекање на однапред определениот влез во училиштето (освен за родители/старатели/образовни асистенти на учениците со посебни образовни потреби кои ги придружуваат учениците за време на наставата со физичко присуство со задолжително носење на маска/прекривка и исполнување на предвидено мерење на телесна температура и дезинфицирање на раце и обувки при влез на училиштето)
2. Се забранува физичко поздравување и било каков физички контакт на родителот со други субјекти од училиштето.

3. Родителот е должен редовно да го следи успехот, учењето и поведението на своето дете.

4. Соработката со училиштето (пренесување на информации и состаноци) треба да биде редовна, но на телефон или преку користење на договорена онлајн апликација помеѓу родители/старатели и наставници.

5.Доколку се појави сомневање за КОВИД-19, родителот треба веднаш да го земе детето и да го однесе кај матичниот лекар за консултации и понатамошни активности, но и веднаш да го информира наставникот за исходот и заклучоците од посетата на лекарот.

6. Родителот треба да соработува со одделенскиот наставник, да го информира за изостаноците на ученикот како и за индивидуалните карактеристики на своето дете преку договорениот начин за соработка (телефон или онлајн апликација).

7. Родителот треба да ги почитува наставниците и останатите вработени во училиштето,а тоа да го пренесе и на своето дете.

8. Во контактот со наставниците родителот треба да покаже почит, физичките и вербални напади се забранети.

9. Родителот е должен да се придржува кон термините предвидени за индивидуални разговори,не може да инсистира наставникот да го информира во некој друг термин, освен во случај да се работи за нешто итно и неодложно.

10. Родителот треба да ги почитува налозите и предлозите на наставникот, како и куќниот ред на училиштето и кодексот на училиштето.

11. Родителот треба да соработува со сите наставници вклучени во воспитно-образновниот процес на ученикот.

12. Обврска на родителот е да му овозможи услови за настава со физичко присуство/ настава на далечина на своето дете ,навремено и прописно да го носи и враќа своето дете во и од училиште и редовно да користи телефон или онлајн апликација за тековни информации и состаноци на родители.

13. Пожелно е родителите да му помагаат на училиштето во остварувањето на воспитниот процес и планираните задачи преку соработка и почитување на прописите, како и во настојувањето да се подобрат условите за работа.

14. Родителите, ниту останати лица не смеат да влегуваат во училиштето,ниту смеат да го попречуваат работењето (освен родители/старатели /придружба на ученици со посебни образовни потреби со почитување на пропишаните мерки).

15. Родителите треба да се запознаат со правилата на однесување во училиштето и да го мотивираат своето дете тие правила да ги прифати.

**КОДЕКСОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ** е донесен на предлог на Наставничкиот совет и е во согласност со Протоколот за постапување на основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година објавен во Службен весник број 109 од 27 август 2020 година и на официјалната страна на МОН.

# ООУ„ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ СКОПЈЕ

## Кодекс за однесување на родителите за време на реализацијата на воспитно-образовниот процес преку виртуелна училница

## ( online настава)

## учебна 2020/2021 година

1. Овој вид на настава, додека трае оваа состојба е формален вид на настава одобрен од Министерството за образование и наука.
2. Секој родител е должен да го овозможи правото на образование на своето дете.
3. Секој родител треба да го поддржи и помага учењето на своето дете преку овој вид на настава (онлајн настава).
4. Секој родител да се потруди да формира навики кај своето дете за културно однесување при онлајн настава.
5. Родителите да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците при овој вид настава.
6. Да поттикнуваат обијективен однос кон постигањата кои ги имаат нивните деца.
7. Доколку учениците посетуваат настава со физичко присуство, родителите се должни пред поаѓање да им мерат температура на своите деца.

# ООУ„ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ СКОПЈЕ

## Кодекс за однесување на учениците за време на реализацијата на воспитно-образовниот процес преку виртуелна училница ( online настава)

**учебна 2020/2021 година**

**ОДНЕСУВАЊЕ ВО ВИРТУЕЛНАТА УЧИЛНИЦА:**

**1. Училишни обврски**:

- 15 мин пред да започне часот, ученикот е должен да го подготви сиот потребен материјал и да чека подготвен/а да започне вклучувањето во online часот со предметниот наставник;
- Ученикот е должен да го следи распоредот на часови и да се пријавува секојдневно во групата на својата паралелка;
- Ученикот треба редовно да ги следи известувањата и насоките кои што ти ги праќаат класниот раководител и другите предметни наставници;
- Ученикот треба уредно да ги извршува обврските, активностите и задачите поставени на виртуелната училница;
- Ученикот треба задолжително да биде активен/на во виртуелната училница, секој ден во неделата (со исклучок на викендот).
- Ученикот треба да биде подготвен за оценување на стекнатото знаење, кое што ќе се реализира со физичко присуство во училиштето.
- Секоја неактивност на ученикот која што трае подолго од 24 часа води кон изостанок од наставата и треба да се оправда.

**2.Комуникација:**

- Строго е забранет секаков вид на вербално насилство во виртуелната училница (додека трае online наставата), како што се: навредувањето, потсмевањето, омаловажувањето, озборувањето и слично;

- Ученикот е должен да ја пријави секоја невообичаена активност, доколку ја забележат, и кај родителите и кај класниот раководител;
- Кон наставниците и другите ученици, ученикот треба да се обраќа пристојно и со почит;
- Забрането е пцуење и користење на непримерен и непристоен речник;
- Ученикот не смее да започнувај меѓусебна комуникација (допишување) за време на online чсовите, освен ако на тоа не го насочиле наставниците или има нејаснотии во врска со наставата;
- За време на online часовите во виртуелната училница, ученикот смее да ги објавува исклучиво само оние содржини кои што се поврзани со наставата и која од него ја бараат наставниците;
- За време на online наставата, строго е забрането преземање и кражба на туѓи содржини како што се на пример домашните задачи;
- Сите материјали (пр. домашните задачи) кои што ги објавува, треба да бидат исклучиво резултат на работата на ученикот, а не препишани и преземени од интернет.
- Во пишувањето на коментарите и одговорите ученикот треба да избегнува користење на т.н. emoji и да избегнува користење на кратенките како што се LOL, THX и сл.
- Ученикот секогаш треба да се труди да пишува во согласност со граматичките правила на македонскиот литературен јазик.

**НЕ ЗАБОРАВАЈТЕ !**

Комуникацијата за време на online наставата во виртуелната училница е **СЛУЖБЕНА** комуникација**!**

Сите прописи, Статутот и актите на училиштето важат како и за време на редовната настава со физичко присуство.

# ООУ,,ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“ СКОПЈЕ

## Кодекс за однесување на наставниците за време на реализацијата на воспитно-образовниот процес преку виртуелна училница

## ( online настава)

## учебна 2020/2021 година

1. Овој вид на настава, додека трае оваа состојба е формален вид на настава одобрен од Министерството за образование и наука.
2. Секој наставник е задолжен да ја реализира онлајн наставата преку видео-конференциска платформа која што ќе се користи според одобрение од МОН како и дополнителни мрежи, доколку е потребно.
3. Секој наставник да ја реализира наставата според редовниот распоред.
4. Секој наставник е должен да води е-досие за секој ученик, каде ќе ги собира доказите потребни за формативно и сумативно оценување.
5. Секој наставник е должен да дава повратна информација од сработеното на учениците.
6. Не е дозволено дистрибуирање на материјали кои се дел од досиеата на учениците со цел да се заштити приватноста на истите.
7. Не е дозволено да се дистрибуираат материјали, инструменти и документи (евидентни листи, што ги користи училиштето за собирање на податоците).
8. Наставниците можат да снимаат и да прават фотографии исклучиво за интерна употреба и како доказ, но не е дозволено споделување на социјални мрежи.
9. За време на онлајн наставата, наставниците да ја покажат својата професионалност.
10. Наставниците се должни да ги оценат учениците, со физичко присуство, во училиштето, на крајот на секој квартал.